ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВРЕДНОСНИ ВАУЧЕРИ,
по скратена постапка

Скопје, јули 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено / Pranuar: 15. 07. 2025
Орг. един. / Njësia Org.: 08 | Број / Numri: 40021/1 | Прилог / Shtojca: | Вредност / Vlera:

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија. Ви доставуваме Предлог на закон за издавање на вредносни ваучери, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Игор Здравковски
Дафина Стојаноска
Драгана Бојковска

Сергеј Попов
Бобан Карапејовски
Никола Мицевски
Бојан Стојаноски
Јован Јауласки
Марија Петрушевска
Јане Мицевски
Ферида Хафизи
Мимоза Муса
Халидина Бекири
Петар Марков

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во современото дигитално општество, пристапот до информатичка технологија претставува основен предуслов за еднаков и квалитетен пристап до образование. Со цел унапредување на дигиталната писменост и обезбедување подеднакви можности за студирање, со Предлогот на Закон за издавање на вредносни ваучери се предлага издавање на вредносни ваучери за обезбедување на персонален компјутер, таблет компјутер или лаптоп – пренослив компјутер, за потребите на редовните и вонредните студенти запишани на додипломски студии на сите високообразовни установи во Република Северна Македонија. Со вредносните ваучери за набавка на електронски уреди ќе се стекнат студенти не постари од 29 години, запишани во учебната 2025/2026 година во државни и приватни високообразовни установи во Република Северна Македонија.

Предлог-законот за издавање на вредносни ваучери за електронски уреди на сите студенти е заснован врз принципите на општествена еднаквост, праведен пристап до можности и директна грижа за младите како темел на развојот на државата.

Овој предлог ја отсликува волјата да инвестираме во капацитетите на новите генерации и произлегува од потребата да се поддржат младите во процесот на дигитална трансформација на образованието, особено оние кои поради економски причини немаат пристап до соодветна електронска опрема, а воедно и да се стимулира домашниот пазар на ИТ опрема преку транспарентна и конкурентна постапка.

Со воведување на вредносни ваучери за електронски уреди за сите студенти, ја демонстрираме јасната заложба за инвестирање во младите. Оваа мерка е дел од поширока визија за дигитална еднаквост, технолошки развој и модернизација на високото образование, при што секој студент добива подеднаква можност да учествува, напредува и успее.

Во услови на брза дигитална трансформација и сè поголеми потреби од еднаква пристапност до модерни образовни алатки, оваа мерка е конкретен чекор кон создавање на поправедно, подостапно и подинамично општество.

Со цел на студентите да им се овозможи полесен начин да се стекнат со компјутери, како и тоа да се обезбедат со компјутерите уште на почетокот на студиската година, се предлага донесување на Предлогот на Закон по скратена постапка.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон се предлага со цел поттикнување и помагање на научниот и технолошкиот развој на студентите кои се запишани на додипломски студии во сите високообразовни установи во Република Северна Македонија во учебната 2025/2026 година, со што ќе им се овозможи непречен пристап до образовни содржини и алатки за учење, а со тоа и директна стимулација на компаниите кои се дел од ИТ секторот преку јавен повик за изразување интерес за реализација на ваучерите во фер и транспарентна постапка.

Воедно, со донесување на Предлогот на Закон ќе се придонесе кон процесот на дигитална трансформација на општеството и унапредување на дигиталната писменост кај младата популација.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на овој закон се потребни 215.000.00,00 денари кои се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, а 635.000.000,00 денари ќе се обезбедат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства и спроведувањето на законот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВРЕДНОСНИ ВАУЧЕРИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и постапката за издавање и користење на вредносни ваучери кои се користат за набавка на електронски уреди и тоа: персонален компјутер, таблет компјутер или лаптоп – пренослив компјутер, за потребите на редовните и вонредните студенти кои се државјани на Република Северна Македонија, запишани на додипломски студии на сите високообразовни установи во Република Северна Македонија.

### Член 2

Со вредносните ваучери за набавка на електронски уреди (во натамошниот текст: ваучерите) ќе се стекнат студенти не постари од 29 години, запишани во учебната 2025/2026 година на државни и приватни високообразовни установи во Република Северна Македонија.

### Член 3

(1) Ваучерите се издаваат во вкупна вредност од 850.000.000,00 денари.

(2) Ваучерот се издава во номинална вредност од 15.300,00 денари.

(3) Ваучерите се издаваат во вкупен број од 55.000 парчиња.

### Член 4

Средствата за издавање на ваучерите во висина од 215.000.000,00 денари се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, а во висина од 635.000.000,00 денари ќе се обезбедат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

### Член 5

(1) Дизајнот на ваучерот, начинот за аплицирање, издавањето и дистрибуцијата на ваучерот, како и начинот на водењето на евиденцијата за издадените и искористени ваучери, ги уредува Владата на Република Северна Македонија со посебни упатства, на предлог на Министерството за дигитална трансформација.

(2) Водењето на евиденцијата за издадените и искористените ваучери ќе се врши од страна на Владата на Република Северна Македонија преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Член 6

(1) Барање за издавање на ваучер за набавка на електронски уред се поднесува преку Националниот портал за електронски услуги (во натамошниот текст: Порталот), кој го води Министерството за дигитална трансформација.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член, студентот го поднесува преку својот кориснички профил на Порталот на основно ниво на сигурност согласно со Правилникот за начинот на проверка на идентитетот на корисникот при поднесувањето на барањето по електронски пат со користење на единствената околина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19).

(3) Доколку студентот нема кориснички профил на Порталот, потребно е да поднесе барање за креирање кориснички профил на основно ниво на сигурност, со лично присуство на шалтер во еден од Центрите за услуги именувани како „Една точка за услуги“, раководени од Министерството за дигитална трансформација, со цел потврдување на личниот идентитет.

(4) По спроведената постапка за идентификација од ставот (3) на овој член, Министерството за дигитална трансформација врши регистрација на кориснички профил на Порталот во име и за сметка на студентот во рок од три дена од денот на поднесување на барањето од ставот (3) на овој член.

(5) По извршената регистрација на кориснички профил на студентот на Порталот, студентот може да го поднесе барањето од ставот (1) на овој член.

Член 7

(1) По поднесеното барање согласно со членот 6 од овој закон, преку Порталот се врши проверка на личните податоци на студентот во Централниот регистар на население кој го води Министерството за дигитална трансформација и Регистарот на редовни и вонредни студенти кој го води Министерството за образование и наука, заради проверка на точноста на личните податоци и исполнетоста на условите, согласно со Законот за електронско управување и електронски услуги и прописите од областа на заштитата на личните податоци.

(2) По извршената проверка на исполнетост на условите, преку Порталот се генерира електронски ваучер кој студентот може да го преземе и да го користи во електронска или печатена форма.

Член 8

(1) Корисниците на ваучери за набавка на електронски уред од членот 1 од овој закон можат да го искористат издадениот ваучер најдоцна до 1 јануари 2026 година, кај економските оператори кои врз основа на објавен јавен повик се избрани и запишани во Листата на економски оператори за реализација на ваучерите за

набавка на електронски уреди и имаат склучено договор со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за реализација на ваучерите за набавка на електронските уреди.

(2) Ваучерот е неделив и се користи еднократно кај економски оператор.

(3) Ваучерот може да го искористи само корисникот на чие име е издаден ваучерот.

Член 9

(1) Барање за упис во Листата на економски оператори за реализација на ваучерите за набавка на електронски уреди, правните лица го поднесуваат преку Порталот.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член го поднесува овластеното лице во правното лице преку својот кориснички профил на Порталот на основно ниво на сигурност согласно со Правилникот за начинот на проверка на идентитетот на корисникот при поднесувањето на барањето по електронски пат со користење на единствена околина („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19).

(3) Барањето од ставот (1) на овој член, содржи: назив на давателот на услугата, име и презиме на застапникот по закон, адреса на правното лице, општина, телефонски број, електронска адреса, ЕДБ, ЕМБС и сметка на правното лице на која ќе се исплаќаат средствата за искористените ваучери.

(4) Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува во рок од 10 дена од денот на објавувањето на повикот на Порталот, за изразување интерес за запишување во Листата на економски оператори за реализација на ваучерите за набавка на електронски уреди.

Член 10

(1) Владата на Република Северна Македонија преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од седум дена од денот на истекот на рокот за пријавување на економски оператори за реализација на ваучерите за набавка на електронски уреди, врши проверка на комплетноста на документацијата и врши упис на правните лица во Листата на економски оператори за реализација на ваучерите за набавка на електронски уреди.

(2) За извршениот упис во Листата од ставот (1) на овој член, се испраќа известување до корисничкиот профил на Порталот на овластеното лице на правното лице преку кој е поднесено барањето од член 9 став (2) од овој закон.

(3) Владата на Република Северна Македонија преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија ја објавува Листата на одобрени економски оператори за реализација на ваучерите за набавка на

електронски уреди, на веб страницата на Владата на Република Северна Македонија во рок од седум дена од денот на извршениот упис на правните лица во Листата од ставот (1) на овој член.

(4) По доставата на известувањето од ставот (2) на овој член, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија склучува договор со економскиот оператор заради регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од овој закон.

(5) Економскиот оператор преку Порталот ќе добие ПИН за поништување на ваучерот за набавка на електронски уред како искористен.

(6) По евидентирањето на ваучерот на Порталот, економскиот оператор го внесува бројот на фискалната сметка, прикачува копија од гарантниот лист за перформансите на набавениот уред издадена од страна на операторот и изјава потпишана од корисникот на ваучерот со која изјавува дека го искористил ваучерот за купување на електронски уред од членот 1 од овој закон.

Член 11

(1) Владата на Република Северна Македонија преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија врши исплата на економските оператори врз основа на Извештај за поништен ваучер генериран од Порталот, со дополнителна документација: фискална сметка, копија од гарантниот лист за перформансите на набавениот уред издадена од страна на операторот и изјава потпишана од корисникот на ваучер дека е искористен ваучерот.

(2) Исплатата на средствата за искористени ваучери кон економските оператори ќе се врши во две буџетски години, и тоа една четвртина од вкупната вредност на вредносниот ваучер, односно 3.825,00 (три илјади осумстотини дваесет и пет) денари се исплаќа во 2025 година, а останатите средства не подоцна од 30 јуни 2026 година.

Член 12

Неискористените ваучери издадени согласно со овој закон, не можат да се користат по истекот на рокот утврден во членот 8 од овој закон.

Член 13

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за економија и труд – Државниот пазарен инспекторат, согласно со надлежностите утврдени со закон.

Член 14

Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија доставува целосен извештај за реализација на овој закон до Владата на Република Северна Македонија во рок од 45 дена по завршување на важноста на овој закон.

Член 15

Злоупотребата и фалсификувањето на ваучерот за набавка на електронски уред подлежи на казна согласно со Кривичниот законик.

Член 16

Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од 10 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон го објавува повикот за изразување интерес за запишување во Листата на економски оператори за реализација на ваучерите за набавка на електронски уреди од член 9 став (4) од овој закон, на Националниот портал за електронски услуги.

Член 17

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува до 30 јуни 2026 година.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ВРЕДНОСНИ ВАУЧЕРИ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за издавање на вредносни ваучери е систематизиран во 17 члена.

Со членот 1 се уредува предметот на законот, односно се уредуваат условите и постапката за издавање и користење на вредносни ваучери кои се користат за набавка на електронски уреди и тоа: персонален компјутер, таблет компјутер или лаптоп – пренослив компјутер, за потребите на редовните и вонредните студенти кои се државјани на Република Северна Македонија, запишани на додипломски студии на сите високообразовни установи во Република Северна Македонија.

Со членот 2 се уредува дека со вредносните ваучери за набавка на електронски уреди ќе се стекнат студенти не постари од 29 години, запишани во учебната 2025/2026 година на државни и приватни високообразовни установи во Република Северна Македонија.

Со членот 3 се уредува вкупната, односно номиналната вредност на вредносните ваучери, односно вкупниот број на парчиња кои ќе се издадат.

Со членот 4 се уредува дека средствата за издавање на вредносните ваучери се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 и за 2026 година.

Со членот 5 се дава овластување за Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за дигитална трансформација, да го уреди дизајнот на ваучерот, начинот за аплицирање, издавањето и дистрибуцијата на ваучерот, како и начинот на водењето на евиденцијата за издадените и искористени ваучери. При тоа, се уредува дека водењето на евиденцијата за издадените и искористените ваучери ќе се врши од страна на Владата на Република Северна Македонија преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Со членовите 6 и 7 се уредува постапката за поднесување на барање за издавање на ваучер за набавка на електронски уред преку Националниот портал за електронски услуги, кој го води Министерството за дигитална трансформација,

постапката за регистрација на кориснички профил од страна на Министерството за дигитална трансформација, како и постапката за проверка на точноста на личните податоци и исполнетоста на условите согласно со Законот за електронско управување и електронски услуги и прописите од областа на заштитата на личните податоци.

Со членот 8 се уредува периодот во кој корисниците на ваучери за набавка на електронски уред од членот 1 од овој закон можат да го искористат издадениот вредносен ваучер кај економските оператори кои врз основа на јавен повик се избрани и запишани во Листата на економски оператори за реализација на ваучерите за набавка на електронски уреди и имаат склучено договор со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за реализација на ваучерите за набавка на електронските уреди. Притоа, се уредува дека ваучерот е неделив и се користи еднократно кај економски оператор, како и дека ваучерот може да го искористи само корисникот на чие име е издаден ваучерот.

Со членовите 9 и 10 се уредува постапката за упис на правните лица во Листата на економски оператори за реализација на вредносните ваучери за набавка на електронски уреди. Исто така, се уредува дека заради регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од овој закон, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија склучува договор со економскиот оператор.

Со членот 11 се уредува исплата на економските оператори врз основа на Извештај за поништен ваучер генериран од Порталот од член 6 став (1) на овој закон.

Со членот 12 се уредува дека неискористените ваучери издадени согласно со овој закон, не може да се користат по истекот на рокот утврден во членот 8 од овој закон.

Со членот 13 се уредува надлежниот орган за вршење на инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон.

Со членот 14 се уредува обврска за Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да достави целосен извештај за реализација на овој закон до Владата на Република Северна Македонија во рок од 45 дена по завршување на важноста на овој закон.

Со членот 15 се уредува дека злоупотребата и фалсификувањето на ваучерот за набавка на електронски уред подлежи на казна согласно со Кривичниот законик.

Со членот 16 се уредува рок за објавување на повикот за изразување интерес за запишување во Листата на економски оператори за реализација на ваучерите за набавка на електронски уреди од член 9 став (4) од овој закон.

Со членот 17 се уредува влегувањето во сила и примената на Законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенија содржани во одредбите од овој предлог на закон се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесување на Предлогот на закон ќе се постигнат следните резултати: поттикнување и помагање на научниот и технолошкиот развој на студентите кои се запишани на додипломски студии на домашните високообразовни установи, овозможување на непречен пристап до образовни содржини и алатки за учење, придонес кон процесот на дигитална трансформација на општеството и унапредување на дигиталната писменост кај младата популација и директна стимулација на компаниите кои се дел од ИТ секторот преку јавен повик за изразување интерес за реализација на ваучерите во фер и транспарентна постапка.